# FASHIONGROUP

Fashion Group повеќе од 20 години важи за најголема малопродажна модна групација во земјава, а во нејзиното портфолио ќе најдете некои од најголемите светски реномирани брендови како **Hugo Boss, Diesel, Guess, Bitsiani, Mango, Springfield, Okaidi, Superdry, Timberland** и други. Нашата цел од самиот почеток, па сè до денес е да му овозможиме на секој наш клиент да го изгради личниот стил и да експериментира со истиот, одбирајќи ги парчињата на светските брендови.

Нашите вредности го рефлектираат она вистинското на компанијата, но и на сите брендови чии франшизи ги претставуваме – воздигнувањето на личниот стил над модата со помош на уникатните сезонски колекции.

Вработените во нашата компанија чиј број постојано се зголемува, се тим индивидуалци и креативци кои постојано работат на развивање нови идеи за соодветно претставување на вредностите на компанијата. Постојано се обидуваме да го пронајдеме најдоброто во нашите вработени и заедно да работиме на нивните амбиции, бидејќи кога се инвестира во нивниот развој, не само што го зголемуваме нивниот професионален капацитет, туку и ја зголемуваме и успешноста на целата наша организација.

Fashion Group има потреба од:

**АСИСТЕНТИ ЗА ПРОДАЖБА**

**Главни обврски и одговорности:**

- Директна продажна на артиклите на брендот во продажниот објект преку одговорна, професионална и проактивна комуникација со купувачите
- Асистирање на купувачите при изборот на артиклите
- Дополнување на продадените артикли на дневно ниво
- Одржување на хигиената во продажниот објект на дневно ниво
- Соработка со останатите членови на тимот со цел да се постигнат посакуваните резултати

**Образование, работно искуство и вештини**:

- Минимум средно образование
- Пожелно претходно работно искуство на иста или слична позиција (не е задолжително)
- Одлични комуникациски вештини
- Основно познавање на работа со компјутери
- Флексибилност
- Способност за тимска работа
- Одговорност и посветеност

**Нудиме**:

- Основна плата: 25.000 денари + бонуси од остварена успешност
- Дополнителни бонуси за остварени таргети на сезонско ниво
- Ваучери за пазарење за најуспешните во продажба
- Попусти при пазарење во продавниците на Fashion Group
- Тимска работа и позитивна работна атмосфера
- Можност за професионален раст и развој

Доколку сметате дека ги поседувате потребните вештини аплицирајте на
**jobs@fashiongroup.com.mk** со **назнака „Асистент за продажба“**

Напомена: Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат контактирани. Сите апликации ќе бидат третирани со строга доверливост. Со самото аплицирање кандидатот се согласува неговите лични податоци наведени во апликацијата да бидат чувани во базата на податоци и обработувани во рок од 1 година од денот на истекот на рокот за избор. Кандидатот има право во секое време да ја повлече дадената согласност за чување и обработка на неговите лични податоци согласно Законот за заштита на лични податоци со обраќање на наведената електронска пошта во огласот.